# *ООУ „ПЕТАР МУСЕВ“ - БОГДАНЦИ*

ул. „Крушевска“ бр. 64, тел./факс +389 34 221 034, e-mail: petarmusev@yahoo.com


*Наш број 01-173/1 од 12.07.2023 година* *Ваш број*

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА
# НА ООУ„ПЕТАР МУСЕВ“ - БОГДАНЦИ
# ВО УЧЕБНАТА 2022/23 ГОДИНА




**Јули 2023**

# И З В Е Ш Т А Ј

## За работата и постигнатите резултати на ООУ„Петар Мусев“ - Богданци во учебната 2022/23 година

Содржина на извештајот:


Вовед

1. Број на паралелки, ученици и услови за работа
2. Подготвеност на училиштето за работа во учебната 2022/23 година
   2.1. Материјално-техничка подготвеност
   2.2. Подготвеност на училиштето за воспитно-образовна работа
3. Планирање, реализација и унапредување на воспитно образовната работа
   3.1. Планирани и реализирани часови за учебната 2022/23година
4. Професионален развој
   4.1. Професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар
5. Планирање и реализација на дејноста на стручните органи и тела, стручните соработници и директорот
6. Успехот на учениците во учебната 2022/23 год.
7. Ученички натпревари
8. Наставни екскурзии
9. Грижа за здравјето на учениците
10. Инклузија на деца со посебни образовни потреби
11. Воннаставни воспитно образовни активности
12. Антикорупциска едукација на учениците во основното образование
13. Учество на учениците во Ученички парламент
14. Ученички правобранител
15. Редовност на учениците
16. Поведение и изречени педагошки мерки
17. Соработка со родителите/старателите
18. Соработка со други институции
19. Педагошка евиденција и документација
20. Заклучоци и предлог мерки

Прилог 1: Извештај од реализирани натпревари во учебната 2022/23 година

Прилог 2: Извештај од наставни екскурзии реализирани во учебната 2022/23 година

Прилог 3: Годишен извештај за работата на Инклузивниот тим во ООУ „Петар Мусев“ Богданци во учебната 2022/23 година

## Вовед

Изготвувањето на овој извештај има нормативна основа која е предвидена со Законот за основно образование, Законот за локална самоуправа, како и Статутот на училиштето.

Извештајот има за цел јасно да ги отслика и презентира состојбите во врска со остварувањето на програмските определби предвидени во Годишната програма за работа на училиштето во текот на учебната 2022/23 година. Поаѓајки од ова, како и од значењето на функцијата што ја остварува училиштето, наодите од Годишниот извештај ќе послужат како поттик за нивно анализирање од страна на вработените, стручните активи, органите во училиштето, а резултатите од тоа ќе се искористат за уредување на одредени мерки кои ќе придонесат за подобрување на состојбата и унапредување на дејноста на училиштето.

Појдовни основи за изработка на Извештајот се:

- Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/23 година;
- План за развој на училиштето;
- Документи за реализација на програмите, работата на раководниот кадар, стручните тела и органи и стручната служба;
- План и протокол за одржување настава во основните училишта во учебната 2022/23 година;
- Педагошката евиденција и документацијата за реализација на плановите и програмите, воннаставната и другата стручна и педагошка дејност;
- Статистички табеларни прегледи и извештаи;
- Тезите за изготвување на Годишен извештај од БРО на Р Македонија;
- Законот за основно образование/ правилници / концепции
- Законот за наставници и стручни соработници во основното образование
- Законот за работни односи
- План и програми за воспитно образовната дејност
- Концепцијата за деветгодишно воспитание и образование
- Календарот за измена на календарот за организација на работата во учебната 2022/23 година(Службен весник на РСМ бр.193/20)
- Статутот на училиштето

Извештајот се состои од два дела:

- Основен текст (текстуален) со констатации и компаративни анализи на успехот со минатата учебна година за истиот период;
- Статистички дел (табеларен)

## 1. Број на паралелки, ученици и услови за работа

ООУ „Петар Мусев“ е основно деветгодишно училиште од развиен тип со 22 паралелки од I - IX одделение (со двете во подрачното училиште).

Од  I - V одделение има 12 паралелки (со 2 подрачни), а од VI - IX одделение има 10 паралелки.

На почетокот од учебната година бројот на учениците изнесуваше 423. Во текот на учебната година испишани се 10 ученика. На крајот од учебната година бројот на ученици изнесува 413 од кои машки 200, а женски 213.

**Преглед на бројот на ученици според пол и етничка припадност**

| Одд. | Македонци | | | Турци | | | Други | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **м** | **ж** | **се** | **м** | **ж** | **се** | **м** | **ж** | **се** | **м** | **ж** | **се** |
| I | 21 | 23 | 44 | | | | | | | 21 | 23 | 44 |
| II | 20 | 28 | 48 | | 1 | 1 | | | | 20 | 29 | 49 |
| III | 21 | 24 | 45 | | 1 | 1 | | | | 21 | 25 | 46 |
| IV | 23 | 27 | 50 | | 1 | 1 | | | | 23 | 28 | 51 |
| V | 22 | 15 | 37 | | | | | | | 22 | 15 | 37 |
| VI | 13 | 15 | 28 | | | | | | | 13 | 15 | 28 |
| VII | 23 | 21 | 44 | | | | | | | 23 | 21 | 44 |
| VIII | 23 | 22 | 45 | 1 | / | 1 | | | | 24 | 22 | 46 |
| IX | 23 | 25 | 48 | 1 | / | 1 | | | | 24 | 25 | 49 |
| ПУ-Ѓавото | 9 | 10 | 19 | | | | | | | 9 | 10 | 19 |
| Вкупно | **198** | **210** | **408** | **2** | **3** | **5** | | | | **200** | **213** | **413** |
| Процентуална застапеност | **98 8 %** | | | **1,2 %** | | | | | | **100 %** | | |

Семејни услови: Со два родители - 389 ученика, со еден родител (разведени родители) - 14 и со починат родител 10 ученика.

Националниот состав на учениците е следен: Македонци - 408, Турци - 5.

Во споредба со минатата учебна година, бројот е намален за 10 ученика.

Училиштето опфаќа ученици од Богданци и с. Ѓавото. До училиштето патуваат 10 ученика, од Ѓавото до Богданци 9 ученика и 1 ученик од населба Трнка до Богданци.

Превозот е обезбеден од МОН на Р. Македонија.

- Наставата се изведува во 10 специјализирани училници за одделенска настава, 10 кабинети за предметна настава и 1 адаптирана просторија во подрумскиот дел за реализација на настава по ФЗО. Во подрачното училиште наставата се изведува во 3 училници, од кои 2 за одделенска и 1 за предметна настава од I-V одделение.

## 2. Подготвеност на училиштето за работа

### 2.1. Материјално-техничка подготвеност

Во текот на летниот распуст и во текот на учебната 2022/23 година, направени се следните материјално-технички подготовки:

- Молерисани се таваниците и офарбани се ѕидовите оштетени од влага на 12 училници;
- Хортикултурно уредување на училишниот двор – засадени се 200 садници цвеќе;
- Купени се наставни помагала за потребите на училиштето;
- Купени се 4 компјутери (B450,Athion,240 GB) за потребите на училиштето;
- Купени се 1 Смарт часовник MOYE Kronos 3, слушалки SONY MDR ZX310 APB (1) и 20 книги за пофалени ученици и наградени ученици на литературни конкурси;
- Библиотечниот фонд е збогатен со 102 книги;
- Набавени се 20 звучника и 1 појачало за разгласниот систем во училиштето;
- На почетокот на учебната година извршена е дезинфекција и дератизација на целиот училишен простор;
- Хигиената редовно се одржува со употреба на дезинфекциони средства;
- Училиштето нема фискултурна сала и часовите по физичко образование се реализираат во адаптирана просторија во подрумскиот дел кога временските услови не овозможуваат работа на спортските терени;
- Училиштето има сопствен видео надзор и физичко лице за патролно обезбедување во вечерните часови кој помага за следење на однесувањето на учениците;
- Во рамки на Елаборатот за Заштита и спасување училиштето има планови по ламели за евакуација во случај на опасност;
- На 8.12.2021 година завршија изведбените работи за реновирање на кровот, кое се покажа нефункционално. Всушност сеуште не е решен проблемот со прокиснување на делови од училишниот кров, при што се појавија нови позиции на прокиснување со тенденција на постојано ширење. Од ова може да дојде до проблем со електричната инсталација што претставува сериозен ризик за субјектите во училиштето. Прокиснувањето од таваниците по носечките столбови е спуштено до приземјето и постепено станува ризик за стабилноста на објектот. Она што е најсериозен проблем е континуираното пупење на мувлата која се вдишува од присутните во зградата во сите простории независно дали таму има или нема прокиснување. Микроспорите предизвикуваат дразнење на кожата, рожницата на очите и респираторниот систем. Да

се остават 400 ученици и 50 вработени континуирано во вакви услови е сериозен проблем и несоодветно за физички услови за работа во 21 век.

По барање од Наставнички совет при ООУ„Петар Мусев“ – Богданци на 30.01.2023 година училиштето беше посетено од Претседателот на Совет на Општина Богданци и дел од советниците со цел да се увидат условите за работа кои поради прокиснување на кровот по реновирањето се значително влошени.

Отворени проблеми кои бараат решение:

- Значително прокиснување на кровот на училиштето после реновирање во 2021;
- Замена на подовите;
- Целосно реновирање на фасадата;
- Изградба на фискултурна сала;

## 2.2. Подготвеност на училиштето за воспитно образовна работа

- Пред почетокот на учебната година беа извршени сите подготовки за непречена реализација на воспитно-образовната работа и беше изготвен план за организација и хигиена на просторот во училиштето (влегување и излегување од училиштето, чистење, дезинфекција и проветрување на просторот).
- Имаше кадровски промени,вработен е нов наставник по физика, нов наставник по ликовно образование во ЦУ и 1 наставник по физичко и здравствено образование во Подрачното училиште. Вработен е нов библиотекар и 1 хигиеничар. Од страна на ресурсниот центар при ПОУ „Климент Охридски“-Ново село ангажирани се 2 образовни асистенти заради давање поддршка на учениците со попреченост во согласност со нивните индивидуални потреби, со цел да им се овозможи учество во образовниот процес;
- Од страна на Државен санитарен и здравствен инспекторат беа извршени 4 инспекциски надзори за утврдување на фактичката состојба;
- На почетокот од учебната година беше утврден бројот на паралелките, фондот на часови за наставниците, дополнителните одговорности и задолженија на наставниците и беа формирани стручните активи и тимови за интерни и екстерни проекти;
- Распоредот на часови беше навреме подготвен;
- Годишните глобални и тематски планирања од поголем број наставници беа доставени во утврдениот термин;
- Годишната програма за работа, беше доставена до Општината – Богданци, БРО и ДПИ, согласно Законските нормативи;
- Воспитно образовниот процес се реализираше согласно Календарот за организација и работа на училиштата согласно Наставниот план за учебната 2022/2023 година;
- Наставата во прво,второ,четврто и петто одделение се реализира согласно новата Концепција за основно образование;
- Учебната година започна на 01.09.2022 година. Наставата се реализирасо физичко присуство. Времетраењето на часот е 40 минути;
- Прв задолжителен странски јазик е англискиот и се изучува од I до IX одделение, а францускиот јазик е втор задолжителен јазик од VI – IX одделение.

- Согласно наставниот план за работа по предметот физичко и здравствено образование, наставата во учебната 2022/23 година се одвива во тандем со одделенските наставници од прво, второ, трето и четврто одделение, заедно со предметниот наставник по физичко и здравствено образование.
- На крајот на учебната година учениците добиваат анкетен лист за избирање на еден изборен предмет кој ќе го изучуваат наредната учебна година задолжително. Според изборот на учениците се формираа групите. Изборни предмети оваа учебна година беа Етика на религиите и Запознавање на религиите во VI одделение, Проекти од музичка уметност во VIII одделение, Вештини на живеење и Воспитание на околината во VII и Програмирање во IX одделение.
- Согласно новата Концепција за основно образование на учениците од четврто и петто одделение им се понуди да изберат еден од четирите категории слободни изборни предмети, (1) изборни предмети за проширување на знаењата од задолжителните наставни предмети, (2) изборни предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети, (3) изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците, (4) изборни предмети од спортско рекреативен карактер. Анкетата беше спроведена во вид на прашалник за пројавување првичен интерес и согласно резултатите од анкетата во нашето училиште се формираа листите на слободни изборни предмети и за истите наставниците подготвија програми. Во првото полугодие од учебната 2022/23 во IV одделение беше реализиран изборниот предмет „Фудбал“, а во V одделение изборниот предмет „Кошарка“ за кој беше доставена наставна Програма до Бирото за развој на образованието за стручно мислење. Во второто полугодие од учебната 2022/23 во IV одделение беше реализиран изборниот предмет „Ликовно“, а во V одделение изборниот предмет „Оригами“ за кој беше доставена наставна Програма до Бирото за развој на образованието за стручно мислење. Во прво и второ одделение слободните изборни предмети се реализираа во вид на слободни активности кои се организираа во рамки на паралелката во вид на работа во групи или со целата паралелка. Слободните активности се организираа според искажаниот интерес на мнозинството ученици во паралелката
- Училиштето реализира проширена програма за учениците од прво до трето одделение согласно законската регулатива.
- **Дополнителната настава** во текот на учебната 2022/2023 година се реализираше за учениците кои се соочуваат со повремени тешкотии во учењето, ученици кои побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на содржините. На почетокот на учебната година се изготви распоред за дополнителна настава, а реализацијата се евидентираше во формуларот за педагошка евиденција на дополнителна настава и е-дневникот.
- **Додатна настава** се реализираше за учениците кои покажуваа особен интерес за одреден предмет со цел проширување, систематизирање и збогатување на знаењата и поттикнување на нивните интереси и способности. Преку додатната настава учениците се подготвуваа за општински, регионални, републички и меѓународни натпревари.

  Додатната настава по правило се организираше, паралелно со редовната настава по часовите. Реализацијата на додатна настава се евидентираше во формуларот за педагошка евиденција на додатна настава и е-дневникот.

- Училиштето има програми за работа со надарени и талентирани ученици. Програмите се индивидуализирани согласно со степенот на напредување на ученикот, во соработка со стручните соработници, педагогот и психологот;
- За учениците со посебни образовни потреби, по нивната идентификација во соработка на наставници и стручните соработници: педагог, психолог и дефектолог во текот на првото полугодие од учебната година се изготвуваа индивидуализирани образовни програми. Училиштето е опремено со сензорна соба каде дефектологот реализира дел од индивидуалните образовни програми. Наставниците активностите ги планираат во рамки на часот;
- Во тематските планирања се врши интегрирање на еколошките содржини од деветте еколошки теми во предметите, наставните содржини и часовите по соодветното одделение. Со тоа се збогатуваат постоечките предмети со еколошки содржини и содржини за заштита на животната средина. Учениците, децата, вработените и пошироката заедница добиваат знаења за конкретните акции кои ги презема училиштето за заштитата на животната средина и реализацијата на Програмата;
- Секој наставник во своето **тематско планирање** ги планира часовите за примена на ИКТ во наставата и тоа минимум 30%;
- Воспитно образовниот процес го остваруваат 36 наставника, од кои 24 во предметна и 12 во одделенска настава;
- Стручната подготовка на кадарот е следна: со Високо образование има 35 (со директор, педагог, психолог и дефектолог), со Више образование 5 наставника. Дополнуваат часови во други училишта 3 наставника, а 6 наставника дополнуваат часови во нашето училиште;
- Во училиштето работат: 1 секретар, 1 домакин – хаус мајстор и 5 помошен персонал (хигиеничари).

## 3. Планирање, реализација и унапредување на воспитно-образовната работа

Годишната програма за работа на Училиштето беше подготвена врз основа на следните документи:

Законот за основно образование член 49 став 3 (Сл. весник на Република Македонија“ број 161/2019, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони; Правилникот од МОН за формата и содржината на Годишната програма за работа на основно училиште; Наставни планови и програми; Концепција на деветгодишно образование; Статутот на училиштето член 25,112,120, и 121; Програма за развој на училиштето.

Основна и приоритетна цел на училиштето е квалитетна организација, настава со примена на компјутери (ИКТ), примена на современи форми и методи на работа, креативни техники на учење, знаењата на учениците да се квалитетни, трајни и функционални во нивниот понатамошен тек на образование.

Во училиштето работат следните проекти:

- Чекор по чекор, креативна настава и учење;
- Информатичка технологија и комуникација во образованието;
- Модернизација на образованието –втора фаза ;
- ПЕП Проект
- Програма- Образование за животни вештини;
- ЕКО Проект-Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем;
- Проект- Македонска мрежа на училишта што го унапредуваат здравјето;
- Проект за меѓуетничка интеграција во образованието;
- Проект „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“
- Програма – „Математика со размислување“
- Програма – „Јазична писменост во почетните одделенија“
- Проект –„ Со читање до лидерство“
- Проект - „Критичко размислување и решавање проблеми“
- Проект – „Децата не се раѓаат со предрасуди“
- Проект – „Недела на Даунов Синдром’

Часовите од задолжителната настава се планирани според наставните програми за учебната 2022/23 година.

Според Календарот за работа во учебната 2022/23 година, заклучно со 14.06.2023 година реализирани се 180 наставни дена.

**Табела 1. Планирани и реализирани часови за учебната 2022/23 година**

| I – IX 22 паралелки | | | |
|---|---|---|---|
| **Настава, вонтнаст. в.о. дејност** | **Планирани** | **Реализирани** | **Процент** |
| Задолжителна настава | 20088 | 20112 | 100,12% |
| Изборна настава | 1440 | 1444 | 100,28% |
| Додатна настава | 648 | 704 | 108,64% |
| Дополнителна настава | 688 | 651 | 94,62% |
| Одделенски час | 708 | 688 | 97,18% |
| ОКР | 310 | 315 | 101,61% |
| **Вкупно** | **23882** | **23914** | **100,13%** |
| Грижа за здравјето на учениците | **572** | **450** | 78,67% |
| ВНВОА | **1312** | **1234** | 94,05% |
| СУА + Хор и оркестар | **241** | **241** | 100% |
| **Вкупно** | 26007 | 25839 | 99,35% |

**Констатации**:

**На основа Наставниот план и програма од I - IX одделение за учебната 2022/23година планирани се 26007 часа, а реализирани се 25839 часа или 99,35%.**

**Часовите од задолжителната настава за учебната 2022/23 година се планирани со20088, а реализирани се 20112 часа или 100,12% .**

**Во учебната 2022/23 година реализирани се 704 часа од додатна настава или 108,64% од планираните на годишно ниво, а дополнителна реализирани се 651 час или 94,62%.**

| Реализирани часови со примена на ИКТ за учебната 2022/2023година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I, III ПУ Ѓавото | II, IV,V ПУ Ѓавото | Вкупно |
| Реализирани часови | 452 | 164 | 436 | 124 | 776 | 788 | 1038 | 325 | 1140 | 230 | 125 | 5598 |

| ПМИО содржини за учебната 2022/2023 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I, III ПУ Ѓавото | II, IV,V ПУ Ѓавото | Вкупно |
| Реализирани часови | 8 | 20 | 12 | 16 | 16 | 10 | 18 | 22 | 15 | 9 | 9 | 155 |

| ЕКО содржини за учебната 2022/2023 година | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I, III ПУ Ѓавото | II, IV,V ПУ Ѓавото | Вкупно |
| Реализирани часови | 8 | 22 | 30 | 20 | 20 | 16 | 21 | 15 | 66 | 15 | 15 | 248 |

| Реализирани работилници од ОЖВ за учебната 2022/2023 година | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I, III ПУ Ѓавото | II, IV,V ПУ Ѓавото | Вкупно |
| Реализирани часови | 2 | 8 | 70 | 60 | 60 | 72 | 108 | 70 | 96 | 35 | 15 | 668 |

**Во учебната 2022/23 година реализирани се 5598 часа со примена на ИКТ, ЕКО содржини се реализирани со 248 часа, ПМИО содржини 155 и ОЖВ -668 работилници.**

# 4. Професионален развој

Стручното усовршување на наставниот кадар се одвиваше според Програмите на МОН и БРО со присуство на наставниците и директорот.

## 4.1. Професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар

Во текот на учебната 2022/23 година, реализирани се следните обуки:

| Датум на реализација | Обука | Реализатори | Учесници |
|---|---|---|---|
| 12 и 13.09.2022 год. | Обука на тема Медиумска писменост и Планирање и реализација на наставата според новата Концепција за основно образование и новите наставни програми за II и V одделение | Биро за развој на образованието | Наставници кои реализираат настава во II и V одделение |
| 13-15.10.2022 год. | Обука „Erazmus + училишта – од идеја до проект“ | Национална агенција за европски образовни програми и мобилност | Наставници по англиски јазик: Томида О.Попова и Оливера П.Узунова |
| 26 и 27.10.2022 год. | Обука „Примена на иновативни интегрирани пристапи во наставата | ЦЕС - БРО | Елеонора Трајкова Николинка Ќамилова |
| 27.10.2022 год. | Обука за стручни соработници на тема: Професионална ориентација на учениците; Зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој | Биро за развој на образование | Снежана Енџекчева – стручен соработник |
| 29.10.2022 год. | Едуино вебинар на тема „Развивање програми за реализација на изборни предмети“ | Биро за развој на образование | Невена Петрушева Снежана Енџекчева Ангелина А.Каракабаков Милица Вангелова |
| 03.11.2022.год. | Координативна средба со ОУРЦ на тема „Имплементација на инклузивното образование“ со Дневен ред: 1. Улогата на ОУРЦ „Св. Климет Охридски“ во спроведувањето на инклузивното образование и услугите што ги нуди; 2. Меѓусебна соработка меѓу ОУРЦ „Св. Климет Охридски“ и училиштата од југоисточен регион (начин на побарување на образовни асистенти и толкување на МКФ проценка); 3. Соработка | Министерство за образование и наука | Директор, Стручни соработници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на ОУРЦ и училиштата при изработка на ИОП и модифицирана програма;<br>4. Улога и одговорности на образовните асистенти;<br>5. Дискусија | | |
| 03-04.11.2022 год. | Обука за наставници на тема:„Инклузија и пристапи во поучување на ученици со посебни образовни потреби/ попреченост“ | Биро за развој на образованието Реализатор: Акредитиран провајдер – Академија ЦЕС | Наставници:Адријана Тодорова, Дитка Дронова и Томида Окова Попова |
| 03-04.11.2022 год | Обука за наставници на тема: „Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми“ | Биро за развој на образованието Реализатор: Акредитиран провајдер – Академија ЦЕС | Присутни на обуката 28 наставници |
| 27.10.2021 год. | Обука за стручни соработници на тема: Новата Концепција за основно образование – зајакнување на стручните компетенции на стручните соработници за поддршка | Биро за развој на образованието | Стручни соработници Снежана Енџекчева Елисавета Карастојанова |
| 22.11.2022 год. | Обука за стручни соработници на тема: Професионална ориентација на учениците; Зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој | Биро за развој на образованието Реализатор: Акредитиран провајдер – Академија ЦЕС | Невена Петрушева |
| 16.11.2022 | Обука за стручни соработници на тема: Професионална ориентација на учениците; Зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој | Биро за развој на образованието Реализатор: Акредитиран провајдер – Академија ЦЕС | Елисавета Карастојанова |
| 23-24.11.2022 год. | Онлајн обука за изработка на ИОП и модифицирана програма за членовите на инклузивниот тим | Биро за развој на образованието со поддршка на канцеларијата на УНИЦЕФ | Членовите на инклузивниот тим |
| 24.11.2022 год. | Вебинар на тема:Стимулација на говор во рана возраст + Cbeard | Биро за развој на образованието | Стручни соработници и наставници |
| 16.01.2023 год. | Онлајн обука во врска со претстојните активности за реализацијата на ТИМСС 2023 студијата во нашето училиште | Биро за развој на образованието | Стручни соработници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 31.1.2023 год. | Вебинар „Вклучување на деца бегалци, мигранти, без државјанство и баратели на азил во воспитно-образовниот процес | Биро за развој на образованието | Снежана Енџекчева – педагог |
| 01.02.2023 год. | Онлајн обука за поддршка на училишни инклузивни тимови за утврдување и примена на стекнатите знаења, вештини и ставови од обуката за ИОП и модифицирана програма, како и проширување на знаењата од другите позначајни области поврзани со процесот на инклузија | Биро за развој на образованието со поддршка на канцеларијата на УНИЦЕФ | Членовите на инклузивниот тим |
| 15.02.2023 год. | Вебинар „Основи на сајбер безбедност со МКД – ЦИРТ | Биро за развој на образование | Стручни соработници |
| 15.02.2023 год. | Онлајн состанок во врска со претстојното ТИМСС тестирање | Биро за развој на образование | Силвана Маџиорва<br>Соња Лазарова<br>Снежана Енџекчева<br>Невена Петрушева |
| 20.04.2023 | Присуство на настан – дискусија за менталното здравје на младите и социјалните медиуми | Центар за менаџмент на човечки ресурси при Филозофскиот факултет – Скопје | Стручни соработници – Невена Петрушева и Снежана Енџекчева |
| 23.05.2023 | Обука за стручни соработници, психолози „Унапредување на менталното здравје“ | Биро за развој на образование и УСАИД | Невена Петрушева |
| 07.06.2023 | Обука (онлајн) за членовите на училишен одбор на тема: „Подобрување на компетенциите на членовите на училишните одбори за подобрување на нивната ефикасност во работењето | Биро за развој на образование | Членовите на училишниот одбор |
| 19.06.2023 | Онлајн обука за новата Наставна програма за VI одд. и Концепцијата за деветгодишно основно образование за наставниците кои во 2023/24 ќе реализираат настава по предметот Македонски јазик во VI одд. | Биро за развој на образование | Софија Петрушева и Катерина Чрчева |
| 19.06.2023 | Онлајн обука на платформата Microsoft Teams за наставниците по Француски јазик кои ќе реализираат настава по Француски јазик во VI одд. во учебната 2023/24 год. | Биро за развој на образование | Елеонора Трајкова |
| 20.06.2023 | Онлајн обука за наставниците | Биро за развој на | Томида Окова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | по Англиски јазик кои ќе реализираат настава по Англиски јазик во VI одд. во учебната 2023/24 год. | образование | Попова<br>Оливера Прочкова Узунова<br>Николинка Ќамилова |
| 26.06.2023 | Онлајн обука за наставниците по Математика кои ќе реализираат настава по Математика во VI одд. во учебната 2023/24 год. | Биро за развој на образование | Адријана Тодорова<br>Марија Петрушева |
| 27.06.2023 | Онлајн обука за планирање и реализиација на наставата по Историја и општество во VI одд. според Новата концепција за основно образование и Новата наставна програма по Историја и општество во VI одд. | Биро за развој на образование | Наставници кои ќе реализираат настава по предметот Историја и општество во учебната 2023/24 (наставник по Историја, наставник по Географија) |
| 27.06.2023 | Онлајн обука со наставници кои ќе реализираат настава во IV одд. во учебната 2023/24 | Биро за развој на образование | Лила Станчева<br>Ванга Ванчева<br>Ирена Попова |
| 27.06.2023 | Онлајн обука за планирање и реализиација на наставата по Ликовно образование во VI одд. според Новата концепција за основно образование и Новата наставна програма по Ликовно образование во VI одд. | Биро за развој на образование | Перо Танчев |
| 29.06.2023 | Обука на тема: „Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство Кибер насилство и сл.“ | Биро за развој на образование и МОН | Снежана Енџекчева |
| 03.07.2023 | Онлајн обука за планирање и реализиација на наставата по Природни науки во VI одд. според Новата концепција за основно образование и Новата наставна програма по Природни науки во VI одд. | Биро за развој на образование | Љупчо Стојков<br>Фиданка Енџекчева |
| 04.07.2023 | Онлајн обука за планирање и реализиација на наставата по Техничко образование и информатика во VI одд. според Новата концепција за основно образование и Новата наставна програма по Техничко образование и информатика во VI одд. | Биро за развој на образование | Ристо Чрчев<br><br>Богомил Марков |
| 04.07.2023 | Онлајн обука за планирање и | Биро за развој на | Сашко Петрушев |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | реализиација на наставата по ФЗО во VI одд. според Новата концепција за основно образование и Новата наставна програма по ФЗО во VI одд. | образование | Томе Попов |

Во рамки на следењето на воспитно-образовната работа во текот на учебната 2022/23 година имаше интерно и екстерно следење за реализација на наставниот процес. Интерно од страна на директорот, педагогот и психологот беа посетени 28 часа во периодот од 22.11.2022 до 02.12.2022г., а екстерно од страна на ДПИ беше извршена интегрална евалуација во периодот од 12.12 2022 до 14.12.2022 година. Наставниците добија повратна информација за јаките и слабите страни на наставниот процес. Констатациите и водените разговори по извршениот увид од следењето на наставата се во функција на подобрување на воспитно-образовниот процес.

Редовни контролни инспекциски надзори од страна на ДПИ беа извршени на 06.09.2022 –Незапишани деца во прво одделение во учебната 2022/23 година; 21.09.202- Утврдување на фактичката состојба и услови за работа во училиштето; 11.11.2022 - Работа на инклузивните тимови во училиштето; 04.02.2023 година – Организација и реализација на дополнителна и додатна настава за првото полугодие во учебната 2022/23 година; 22.05,2023 – Активности за запишување на деца во прво одделение во учебната 2023/24 година;

## 5. Планирање и реализација на дејноста на стручните органи и тела, директорот и стручните соработници

Работата на Одделенските совети и Наставничкиот совет е планирана со Годишната програма за работа на училиштето. Одржани се 4 Одделенски совети и 15 Наставнички совети.

Наставниот кадар е организиран во 3 стручни активии има одржано 9 состаноци

Советот на родители брои 22 члена и работи по Програма. Има оддржано 4 состанока. Училишниот одбор работи по Програма. Има одржано11 состанока.

Директорот и стручната служба, работат по Програма и реализацијата на истата е според планираната динамика.

Информации од реализираните програмски задачи /анализи од испитувања, извештаи, осврти, анкети и други програмски задачи се излагаат на Одделенски совет, Наставнички совет, стручните активи и други стручни тела во училиштето.

Од работата се води евиденција и документација.

## 6. Успех на учениците

Согласно член 138 од Законот за основно образование на крајот од учебната 2022/23 година описно се оценети 153 ученика од I –VI одделение, а 260 ученика од IV до IX одделение се оценети со бројчани оценки.

**Табела 2. Општ успех на учениците по паралелки**

| Општ успех на учениците (по паралелки) на крај од учебната 2022 -2023 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд. | Одлични | Мн. добри | Добри | Доволни | Недоволни | Вкупно | Среден успех |
| IV а | 15 | 9 | 2 | 1 | 0 | 27 | 4,39 |
| IV б | 15 | 5 | 1 | 3 | 0 | 24 | 4,40 |
| V а | 10 | 5 | 2 | 0 | 0 | 17 | 4,37 |
| V б | 11 | 8 | 1 | 0 | 0 | 20 | 4,50 |
| VI а | 10 | 2 | 2 | 0 | 0 | 14 | 4,59 |
| VI б | 8 | 4 | 2 | 0 | 0 | 14 | 4,46 |
| VII а | 6 | 8 | 1 | 0 | 0 | 15 | 4,18 |
| VII б | 5 | 5 | 3 | 0 | 0 | 13 | 4,19 |
| VII в | 6 | 5 | 5 | 0 | 0 | 16 | 4,00 |
| VIII а | 11 | 6 | 5 | 0 | 0 | 22 | 4,21 |
| VIII б | 10 | 3 | 11 | 0 | 0 | 24 | 3,91 |
| IX а | 6 | 2 | 7 | 1 | 0 | 16 | 3,85 |
| IX б | 7 | 6 | 2 | 1 | 0 | 16 | 4,15 |
| IX в | 11 | 1 | 5 | 0 | 0 | 17 | 4,24 |
| Вкупно | 131 | 69 | 49 | 6 | 0 | 255 | 4,25 |
| % | 51,37% | 27,06% | 19,22% | 2,35% | 0,00% | | |
| | | | | | | | |
| ПУ IV | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 4,00 |
| ПУ V | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 4,86 |
| Вкупно ПУ | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | 5 | 4,43 |
| % ПУ | 60,00% | 40,00% | 0,00% | 0,00% | 0,00% | | |
| | | | | | | | |
| Вкупно со ПУ | 134 | 71 | 49 | 6 | 0 | 260 | 4,27 |
| % со ПУ | 51,54% | 27,31% | 18,85% | 2,31% | 0,00% | | |




Успех на учениците за 2022/23




**Табела 3. Споредба на општиот успех**

| IV-IX | Одлични | Мн. добри | Добри | Доволни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 2022/23 | 134 | 71 | 49 | 6 | 260 |
| | 51,54% | 27,31% | 18,85% | 2,31% | |
| 2021/22 | 129 | 69 | 57 | 3 | 258 |
| | 50,00% | 26,74% | 22,09% | 1,16% | |
| Разлика | 5 | 2 | -8 | 3 | |
| | 1,54% | 0,56% | -3,25% | 1,14% | |

**Констатации:**

**Согласно показателите на општиот успех кај учениците, на крајот од учебната учебната 2022/23 година може да се констатира дека во однос на минатата учебна година зголемен е бројот на ученици со одличен успех за 5, зголемен е бројот на ученици со многу добар успех за 2, бројот на ученици со добар успех се намалил за 8, а се зголемил бројот на ученици со доволен успех за 3.**

**Табела 4 – Преглед на постигањата на учениците од I до III одд. -2022/23 година**

| Аналитички преглед на нивото на постигања на учениците од I до III одд.- 2022/23 година | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| паралелки | број на ученици | високо ниво | | | средно ниво | | | ниско ниво | | |
| | | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. |
| **I а** | 23 | 10 | 9 | 19 | 2 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| % | | 43,5 | 39,1 | 82,6 | 8,7 | 4,3 | 13,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **I б** | 21 | 4 | 10 | 14 | 1 | 5 | 6 | 1 | 0 | 1 |
| % | | 19,0 | 47,6 | 66,7 | 4,8 | 23,8 | 28,6 | 4,8 | 0,0 | 4,8 |
| **ПУ I** | 4 | 0 | 3 | 3 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| % | | 0,0 | 75,0 | 75,0 | 25,0 | 0,0 | 25,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **Вкупно** | **48** | **14** | **22** | **36** | **4** | **6** | **10** | **1** | **0** | **1** |
| **%** | | **29,2** | **45,8** | **75,0** | **8,3** | **12,5** | **20,8** | **2,1** | **0,0** | **2,1** |
| **II а** | 25 | 3 | 11 | 14 | 5 | 3 | 8 | 2 | 1 | 3 |
| % | | 12,0 | 44,0 | 56,0 | 20,0 | 12,0 | 32,0 | 8,0 | 4,0 | 12,0 |
| **II б** | 25 | 5 | 11 | 16 | 3 | 2 | 5 | 2 | 1 | 3 |
| % | | 20,0 | 44,0 | 64,0 | 12,0 | 8,0 | 20,0 | 8,0 | 4,0 | 12,0 |
| **ПУ II** | 6 | 3 | 3 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| % | | 50,0 | 50,0 | 100,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **Вкупно** | **55** | **11** | **25** | **36** | **8** | **5** | **13** | **4** | **2** | **6** |
| **%** | | **20,0** | **45,5** | **65,5** | **14,5** | **9,1** | **23,6** | **7,3** | **3,6** | **10,9** |
| **III а** | 24 | 6 | 9 | 15 | 5 | 3 | 8 | 0 | 1 | 1 |
| % | | 25,0 | 37,5 | 62,5 | 20,8 | 12,5 | 33,3 | 0,0 | 4,2 | 4,2 |
| **III б** | 22 | 8 | 6 | 14 | 4 | 4 | 8 | 0 | 0 | 0 |
| % | | 36,4 | 27,3 | 63,6 | 18,2 | 18,2 | 36,4 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **ПУ III** | 5 | 2 | 2 | 4 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| % | | 40,0 | 40,0 | 80,0 | 20,0 | 0,0 | 20,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **Вкупно** | **51** | **16** | **17** | **33** | **10** | **7** | **17** | **0** | **1** | **1** |
| **%** | | **31,4** | **33,3** | **64,7** | **19,6** | **13,7** | **33,3** | **0,0** | **2,0** | **2,0** |

Описното оценување за учениците од прво до трето одделение е направено во три нивоа, во согласност со стандардите за оценување, а врз основа на покажаните знаења и способностите на учениците.

**Табела бр.5 Преглед на општиот успех на учениците според пол**

| | Одлични | | | Мн. Добри | | | Добри | | | Доволни | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | вк. | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк |
| IV | 12 | 18 | 30 | 8 | 8 | 16 | 1 | 2 | 3 | 3 | 1 | 4 | 24 | 29 | 53 |
| V | 12 | 12 | 24 | 7 | 6 | 13 | 2 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 21 | 19 | 40 |
| VI | 7 | 11 | 18 | 3 | 3 | 6 | 3 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 | 13 | 15 | 28 |
| VII | 3 | 14 | 17 | 13 | 5 | 18 | 7 | 2 | 9 | 0 | 0 | 0 | 23 | 21 | 44 |
| VIII | 9 | 12 | 21 | 3 | 6 | 9 | 12 | 4 | 16 | 0 | 0 | 0 | 24 | 22 | 46 |
| IX | 7 | 17 | 24 | 5 | 4 | 9 | 10 | 4 | 14 | 2 | 0 | 2 | 24 | 25 | 49 |
| Вкупно | 50 | 84 | 134 | 39 | 32 | 71 | 35 | 14 | 49 | 5 | 1 | 6 | 129 | 131 | 260 |

**Констатации:**

Од изнесените податоци во табелата може да се констатира дека бројот на машките ученици со одличен успех е помал во однос на женските ученици за 34, а бројот на ученици со добар успех е поголем кај машките за 7. Бројот на ученици со добар и доволен успех е поголем кај машките ученици.

## Табела 6. Успех по паралелки –учебна 2022/23 година

| Паралелка | Среден успех |
|---|---|
| | |
| IV а | 4,39 |
| IV б | 4,40 |
| V а | 4,37 |
| V б | 4,50 |
| VI а | 4,59 |
| VI б | 4,46 |
| VII а | 4,18 |
| VII б | 4,19 |
| VII в | 4,00 |
| VIII а | 4,21 |
| VIII б | 3,91 |
| IX а | 3,85 |
| IX б | 4,15 |
| IX в | 4,24 |
| ПУ IV | 4,00 |
| ПУ V | 4,86 |
| ПУ- IV, V | 4,15 |
| IV-V | 4,42 |
| VI-IX | 4,18 |
| Просек | 4,27 |

| Одд | Среден Успех |
|---|---|
| IV | 4,39 |
| V | 4,46 |
| VI | 4,52 |
| VII | 4,11 |
| VIII | 4,05 |
| IX | 4,09 |
| ПУ IV-V | 4,15 |
| | |
| Просек | 4,27 |

**Констатации:**

**Средниот успех на учениците од IV-IX е 4,27 и е повисок во споредба со минатата учебна година за 0,06. Анализирајќи го успехот со оној кој е постигнат во предходната учебна година се заклучува дека нема поголеми отстапувања односно успехот бележи зголемување за 0,06.**

**Табела бр.7 - Константност на успехот 2022/23 година – споредба на успехот од учебна 2021/22**

| Пар. - Одд. | Среден успех 2022/23 | Пар. - Одд. | Среден успех 2021/22 | Разлика во % | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| IV а | 4,39 | III а | Описно | / | / |
| IV б | 4,40 | III б | Описно | / | / |
| IV ПУ Ѓавото | 4,00 | III ПУ Ѓавото | Описно | / | / |
| V а | 4,37 | IV а | 4,27 | 2,34% | 0,1 |
| V б | 4,50 | IV б | 4,33 | 3,93% | 0,17 |
| V ПУ Ѓавото | 4,86 | IV ПУ Ѓавото | 4,9 | -0,82% | -0,04 |
| VI а | 4,59 | V а | 4,77 | -3,77% | -0,18 |
| VI б | 4,46 | V б | 4,35 | 2,53% | 0,11 |
| VII а | 4,18 | VI а | 4,23 | / | / |
| VII б | 4,19 | VI б | 4,07 | 2,95% | 0,12 |
| VII в | 4,00 | VI в | 4,01 | -0,25% | -0,01 |
| VIII а | 4,21 | VII а | 4,42 | -4,75% | -0,21 |
| VIII б | 3,91 | VII б | 4,05 | -3,46% | -0,14 |
| IX а | 3,85 | VIII а | 3,69 | 4,34% | 0,16 |
| IX б | 4,15 | VIII б | 4,12 | 0,73% | 0,03 |
| IX в | 4,24 | VIII в | 4,01 | 5,74% | 0,23 |
| | | | | | |
| IV-V | 4,42 | IV-V | 4,48 | -1,23% | -0,05 |
| VI-IX | 4,18 | VI-VIII | 4,05 | 3,09% | 0,13 |
| IV-IX | 4,27 | IV-VIII | 4,25 | 0,50% | 0,02 |

**Констатации:**

**Средниот успех од IV–IX одд. е 4,27. Успехот е повисок за 0,06 во однос на минатата учебна година.**

## Табела бр.8 Среден успех по наставни предмети во учебната 2022/23 година (VI-IX одд.)

| VI-IX | VI | VII | VIII | IX | Просек |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 4,39 | 3,7 | 4 | 4,06 | 4,04 |
| Англиски јазик | 3,87 | 3,97 | 3,58 | 4,04 | 3,87 |
| Француски јазик | 4,14 | 3,47 | 3,8 | 3,43 | 3,71 |
| Математика | 4,39 | 3,4 | 3,39 | 3,49 | 3,67 |
| Историја | 4,35 | 3,77 | 3,69 | 4,24 | 4,01 |
| Географија | 4,29 | 3,88 | 3,84 | 4,08 | 4,02 |
| Биологија | | 3,27 | 3,95 | 3,88 | 3,70 |
| Хемија | | | 3,5 | 3,31 | 3,41 |
| Физика | | | 3,47 | 3,35 | 3,41 |
| Граѓанска образование | | | 4,04 | 3,96 | 4,00 |
| Техничко Обр. (VI) | 4,86 | | | | 4,86 |
| Информатика | 4,67 | 4,5 | | | 4,59 |
| Музичко образование | 4,61 | 4,68 | 4,58 | 4,59 | 4,62 |
| Ликовно образование | 5 | 5 | 5 | 5 | 5,00 |
| Етика (VII) | | 4,25 | | | 4,25 |
| Природни науки | 4,36 | | | | 4,36 |
| Иновации | | | | 4,47 | 4,47 |
| Проект Муз. уметност | | 4,77 | | | 4,77 |
| Проекти од информатика | | | | 4,61 | 4,61 |
| Етика на религиите/Зап со р. | 4,75 | | | | 4,75 |
| Физичко образование | 4,86 | 4,82 | 4,91 | 4,78 | 4,84 |
| Вешт. на жив./восп.за ок. | | 4,85 | 5 | | 4,93 |
| **Просек** | 4,50 | 4,11 | 4,05 | 4,09 | 4,21 |

**Табела бр. 9 - Константност на успехот 2022/23 година – споредба на успехот од учебна 2021/22 година(VI-IX)**

| VI-IX | 2022-23 | 2021-22 | Разлика |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 4,04 | 3,88 | 0,16 |
| Англиски јазик | 3,87 | 3,78 | 0,09 |
| Француски јазик | 3,71 | 3,57 | 0,14 |
| Математика | 3,67 | 3,60 | 0,07 |
| Историја | 4,01 | 4,05 | -0,04 |
| Географија | 4,02 | 3,81 | 0,21 |
| Биологија | 3,70 | 3,86 | -0,16 |
| Хемија | 3,41 | 3,32 | 0,09 |
| Физика | 3,41 | 3,58 | -0,17 |
| Граѓанско образование | 4,00 | 3,82 | 0,18 |
| Техничко образование | 4,86 | 4,87 | -0,01 |
| Информатика | 4,59 | 4,24 | 0,35 |
| Музичко образование | 4,62 | 4,43 | 0,19 |
| Ликовно образование | 5,00 | 4,91 | 0,09 |
| Етика VII одд. | 4,25 | 4,36 | -0,11 |
| Природни науки | 4,36 | 3,72 | 0,64 |
| Иновации | 4,47 | 4,61 | -0,14 |
| Проект Муз. ум. | 4,77 | 4,69 | 0,08 |
| Проекти од информатика/прог. | 4,61 | 4,91 | -0,30 |
| Восп.за околината/вешт. за жив. | 4,93 | 5,00 | -0,08 |
| Физичко образование | 4,84 | 4,74 | 0,10 |
| Етика на рел./зап. на религиите | 4,75 | 4,50 | 0,25 |
| Среден успех | 4,21 | 4,13 | 0,08 |

**Констатација:**

**Средниот успех по наставни предмети од VI – IX одд. во учебната 2022/23 година е 4,21 и е за 0,08 зголемен во споредба со минатата учебна година. Средниот успех е зголемен** по **14 наставни предмети, а намален е по 8 наставни предмети.**

Во учебната 2022/23 година учениците од IVб одделение учествуваа во процесот на тестирање како дел од меѓународната студија ТИМСС 2023 **(Trends in International Mathematics and Science Study), кое се одржа на 12.05..2023 година во рамки на нашето училиште. Станува збор за** меѓународна студија по математика и природна група на предмети, која ги мери знаењата и способностите на учениците по наведените предмети.

Методологијата на тестирањето се спроведува преку прашалници за ученици, наставници и директори, по што се добиваат резултати за тоа како културната средина, наставната практика, целите на наставните програми и систематското уредување на образованието, влијаат врз постигањата на учениците. Притоа, мерењето на постигнувањата во оваа студија има две димензии: содржинска и когнитивна. Главен организатор на студијата ТИМСС е Меѓународната организација за вреднување на образовните постигања (IEA – International

Association for the Evaluation of Educational Achievement), додека пак, со активностите раководи Меѓународниот студиски центар во Бостон (International Study Center, ISC).

## 7. Ученички натпревари

На основа Годишната програма за работа на училиштето одржани се планираните ученички натпревари. Најуспешните ученици од училишните натпревари продолжуваат на општински, меѓуопштински, регионални, државни и меѓународни натпревари. Учениците учествуваа на распишани конкурси во училиштето и надвор од него. Училиштето ги стимулира учениците со доделување на Благодарници. Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето на завршна приредба и преку Facebook страната на училиштето.

Согласно критериумите утврдени во Правилникот за номинирање, избор и прогласување на ученик на генерација и пофалени ученици во генерацијата IX одделение за ученик на генерацијата беше прогласена ученичката Михаела Костадинова од IXа одд. која беше наградена со Благодарница и Смарт часовник MOYE Kronos 3. За истакнат ученик на паралелката беше прогласена ученичката Ивана Ѓорбашлиева од IXв одделение која беше наградена со Благодарница и слушалки SONY MDR ZX310 APB. Учениците од IX одделение (8) со континуиран одличен успех беа наградени со Благодарница и книга.

Прилог 1: Извештај од реализирани натпревари во учебната 2022/23 година

## 8. Наставни екскурзии

Во учебната 2022/23 година реализирани беа планираните ученички екскурзии согласно Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование. Согласно Годишната програма на училиштето реализирани се планираните екскурзии:

1.Дводневна наставна екскурзија низ Источна Македонија за учениците од VI одделение – 13 – 14.04.2023 година;
2. Тридневна настава во природа со учениците од V одделение – 03.04 и 05.05.2023 година;
3. Еднодневна екскурзија за учениците од VIII одделение во Велес и Скопје 05.05.2023 година;
4.Еднодневна наставна екскурзија за учениците од III одделение (Разгледување на градот Скопје) на 05.05.2023 година
5. Тридневна наставна екскурзија низ Источна Македонија за учениците од IX одделение од 18 - 20.04.2017г.

**Прилог 2**:Извештај за реализирани екскурзии, излети и настава во природа

## 9. Грижа за здравјето на учениците и здравствено воспитание и образование

Училиштето води постојана грижа за здравјето на учениците.

- Редовни се прегледите и вакцините според календарската возраст од страна на Министерството за здравство – Здравствен дом Гевгелија.

- Вакцина -Revaksis за учениците од IX одделение Dite;
-Вакцина за учениците од II одделение со Tetraksim вакцина;
-Вакцина на ученичките од VIII одделение со HPV вакцина;

- Стоматолошки систематски прегледи за учениците од III - VII одделение и залевање на фисури;
- Санитарен преглед за вработените;
- Систематски прегледи за учениците од I, III, V и VII одделение;
- Во рамките на Националната годишна програма за јавно здравје на Министерството за здравство на РСМ за 2022 година во нашето училиште спроведено е истражување за трендовите на дебелина кај училишните децаод страна на институтот за јавно здравје. Целта на истражувањето е креирање на соодветни здравствени програми и акции за подобрување на исхраната и нутритивниот статус кај децата. Опфатени беа 30 ученици од II одделение;
- Вежба за евакуација на учениците и вработените - 1 минута и 48 секунди (прво полугодие - 28.10.2022 година);
- Вежба за евакуација на учениците и вработените -1 минута и 56 секунди (второ полугодие - 21.03.2023 година);
- Едукативни предавања со видео презентација:„Промовирање на ненасилство во основните училишта“ со Ученичкиот парламент на училиштето-/педагог/;
- По повод Светскиот ден на борба против сидата-Презентација и работилница со учениците од IX одделение на тема „Сида- можности за превенција и заштита“./психолог/;
- Едукативно предавања/ работилница со учениците од V – IX одделение на тема „Кругови на моите блиски“ и работилница за психосоцијална поддршка на тема „Активно слушање“, одржани од училишниот психолог;
- Споделен е флаер за родителите на тема „Насоки за родители, како родителот да разговара со своето дете во услови на криза од страна на одделенските раководители;
- По повод Недела на на борба против шеќерна болест од страна на ученици од трета година и професори од здравствената струка при СОУ„Богданци“ – Богданци беа спроведени активности – едукативно предавање по оваатема, делење флаери за учениции од IX одделение со цел подигање на свеста за превенција од оваа болест;
- Под мотото „Научи прва помош и биди херој во својата заедница“ Црвен крст на РСМ одржа национална кампања по прва помош за млади. Учениците од IX одделение проследија теоретско и практично предавање за прва помош.Теоретската област вклучуваше обука за оживувањена прва помош односно срцево – белодробно оживување (реанимација), задушување со страно тело, различни видови крварења, скршеници, изгоретини и смрзнатини.

- Во рамки на Програмата „Образование за животни вештини“ реализирани се 668 работилници;

## 10. Инклузија на деца со посебни потреби

- Наставата за учениците со попреченост во училиштето се реализира според Индивидуален образовен план на наставните програми;
- Индивидуалиот образовен план вклучува адаптација во резултатите од учењето на наставната програма, воведување специфични активности и методи што овозможуваат постигнување на резултатите од учењето;
- Во училиштето има ученици во II и VII одд. кои се категоризирани со документ во педагошката евиденција и документација и работат со поддршка на образовен асистент според ИОП изготвен од инклузивниот тим раководен од дефектолог.

**Прилог 3:** Годишен извештај за работата на Инклузивниот тим во ООУ „Петар Мусев“ Богданци во учебната 2022/23 година

## 11. Вонаставни воспитно образовни активности

- Со видео презентација на тема „Како да се помогне на детето првачe“ и „Пораки до родителите “(педагог, психолог) беше одбележан првиот училишен ден на учениците-првачињата.
- Во рамките на Детската недела 2022 реализирани се следните активности: Свечен прием на првачињата во Детската организација со давање свечена заклетва; Сликање на бетон со креди во боја во училишниот двор (I-Vодд,); Полагање свежо цвеќе на бистите во градскиот парк по повод 10 Октомври – Денот на ослободувањето на Богданци (V одделение);
- По повод 10 Октомври- Денот на ослободувањето на Богданци ученици од нашето училиште се вклучија во активностите за одбележување на празникот со учество на улични трки, полагање на цвеќе на спомен бистите во градскиот парк и учество во Свечена Програма;
- Еко акција-чистење на училниците и училишниот двор;
- Во соработка со Општина Богданци училиштето се приклучи кон акцијата пошумување на опожарениот дел на Паљурци.;
- Со пригодна културно уметничка програма (музичката, литературната и драмската секција) беа одбележани Новогодишните празници;
- Со пригодна културно уметничка програма беа одбележани Новогодишните празници во ПУ –Ѓавото и беше организиран Новогодишен базар со цел средствата собрани од продажба на новогодишни украси и честитки да бидат наменети за набавка на книги за училишната библиотека;
- Одбележана е Европската недела на спортот со заеднички активности – игри без граници на општинско ниво со учениците од ООУ„Кирил и Методиј“-Стојаково;

- Во рамки на Проектот „Фудбал во училиште“, а во соработка со ФФМ, училиштата кои имаат најмалку по 2 паралелки во генерација од II до V одделение, реализирани се натпревари меѓу екипи ученици од различни одделенија во периодот од октомври до декември;
- Одбележан е денот на средновековниот математичар Леонардо Фибоначи со училишен проект организиран од наставничката по математика Адријана Тодорова и наставникот по информатика Богомил Марков со учениците од VIII и IVодделение.Во проектот учество зедоа и наставничките од одделенска настава, Соња Лазарова и Силвана Маџирова. Проектот има за цел меѓуученичка соработка.
- 2 Декември е посветен на компјутерската писменост. Нашето училиште го одбележа денот со организирање на проект во кој учениците од деветто одделение подготвија активности  и презентиции за учениците од осмо одделение, под менторство на наставникот Богомил Марков и учениците.
- По повод 3ти Декември - Меѓународен ден на лицата со попреченост во Домот на култура –Богданци нашето училиште организира настан, изложби на ученички класни конвенции, дел од проектот „Децата не се раѓаат со предрасуди“.
- Во учебната 2022/23 во училиштето се реализира  Проектот „Децата не се раѓаат со предрасуди“,донесен од г-ѓа Ребека Јанковска. Целта на проектот е на  учениците да им се пренесат здрави вредности за прифаќање и почитување на различностите, со што ќе се намалат предрасудите и ќе се создадат услови за позитивна меѓучовечка интеграција. Учениците на неколку активности, работилници и задачи гиградеа своите ставови за инклузијата и будењето за прифаќање на различностите. Завршниот настан се одржа во ООУ„Владо Кантарџиев“ Гевгелија.
- Предавање на тема „Како учам“ за учениците од VI одделение (педагог);
- ООУ„Петар Мусев“- Богданци и ЈОУДГ„Коста Поп Ристов Делчев“- Богданци го завршија меѓуинституционалниот проект „Манипулативни табли “. Изработените табли се во функција на развивање на практични вештини, манипулативна спретност, логичко- когнитивенразвој и говор кај децатаво предучилишнаи рана училишна возраст.
- Во рамките на наставниот предмет Запознавање на религиите, а по повод верскиот празник Св. Фануриј, заштитник на учениците и наставниците, учениците од VI одделение присуствуваа на Божественат литургија и молебен во црквата Св. Атанасиј Велики во Богданци;
- Претставници од нашето училиште, директорот и одделенските раководители на IX одделение присуствуваа на настанот „Учи паметно, работи стручно “ во Домотот на култура „Бранд Петрушев“-Богданци;
- Ученици од нашето училиште учествуваа во снимањето на емисијата „Везилка “ на Алфа телевизија;
- Театарска претстава за учениците од I до V одделение „Сказна за рибарот и златната рипка“во Домот на култура „Бранд Петрушев“-Богданци;
- Виртуелна посета на Собранието на РСМ со ученици од VIII одделениепод менторство на наставникот Ристе Живковиќ;
- Во чест на денот на математиката во нашето училиште се одржа математички хепенинг „Ден на бројот Пи 2023“ со заеднички активности на учениците од

училиштата во Општина Богданци вклучувајќи ученици од I до IX одделение и ученици од средно образование;

- Во рамките на наставниот предмет техничко образование учениците од V и VI одделение проследија предавање на тема „Регулирање и безбедност во сообраќајот“ одржано од страна на полициски службеници;
- Учество на ученици од нашето училиште на Априлијада 2023 година – Маскенбал по повод денот на шегата;
- Во рамките на наставниот предмет техничко образование учениците од V и VI ја посетија Печатницата „Софија“ Богданци ;
- Свечено беше одбележан Патрониот празник на училиштето со следните активности: Полагање свежо цвеќе на спомен бистите во градскиот парк; Спортски натпревари; Културно уметничка програма  и коктел организиран од Совет на родители;
- Учество на настан „Ден на Астрагалусот“  во организација на здружението  за развој, едукација и еколошка етика „Полимат 13“;
- Посета на нашето училиште од страна на наставници и ученици од партнерското училиште „Мехмет Дерала“- с.Градец: Реализирани беа заеднички МИМО активности Квиз натпревар – математика; Еко работилница: рециклирање на хартија; Hangmen – англиски јазик и Цртање постер на тема „Другарство“
- Во учебната 2022/23 година ООУ„Петар Мусев“Богданци спроведе училишен проект „Недела на Даунов Синдром и Аутизам“. Проектот се содржеше од неколку активности и истите се одвиваа во деновите помеѓу 21.03 – 05.04,2023 година.
  Активност 1: Одбележување на Меѓународниот ден на лицата со Даунов Синдром – активност со учениците од I одделение – 21.03.2023 година;
  Активност 2: Секогаш е пролет во детските срца – активност со учениците од I, II, III, IV одделение – 21.03.2023 година;
  Активност 3: Изработка на флаери на час по техничко образование и информатика – активност со учениците од V и VI одделение – 22.03.2023 година;
  Активност 4: Видео потказ за аутизмот од учениците од IX одделение – 30.03.2023 година;
  Активност 5: 21 факт за Даунов синдром од ученички од IX одд. - 31.03.2023 година;
  Активност 6:Изработка на стрип „Супер херој со Аутизам“ од учениците од VIII одделение -03.04.2023 година.

## 12. Антикорупциска едукација на учениците во основното образование

ООУ „Петар Мусев“ Богданци има спроведено и реализирано активности од аспект на антикорупциска едукација согласно дадените напатствија од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образование. Активностите се планирани во рамките на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година. Наставниците реализираа содржини со планирани цели поврзани со антикорупциска едукација, подготвени се прашалници за анкетирање за ученици со цел утврдување на нивното предзнаење за антикорупциската едукација.

Од планираните активности за антикорупциска едукација на учениците во учебната 2022/23 година, ООУ„ Петар Мусев “Богданци има спроведено активности преку работилници, презентации и предавања согласно наставната програма по граѓанско образование преку следните наставни содржини: Причини и последици од корупцијата; Стекнување на основни знаења за корупција –антикорупција; Преку програмата за Образование за животни вештини, реализирани се предавања и работилници на часовите на одделенска заедница со содржини од антикорипциска едукација: Основни човекови права, Институција за заштита и безбедност- Народен правобранител ипреку популаризација на борба против корупција: Новогодишна претстава „ Дедо Мраз во дом за сирачиња“ во изведба на учениците од IX одделение. Од програмата за предметот Историја и Општество (четврто одделение) реализирани се предавања со содржина од антикорупциска едукација : Непотизам , мито и корупција; како и на одредени часови по предметот македонски јазик со наставни содржини од антикорупциска едукација на учениците.

Активности за антикорупциска едукација се реализирани во следните наставни предмети: граѓанско образование, образование за животни вештини, историја и општество, македонски јазик.

## 13. Учество на учениците во Ученички парламент

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат Училишната заедница со право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште.Според член 68 (став 3 и 4) за организирано остварување на интересите на учениците во училиштето, учениците се организираат во заедница на паралелка и Ученички парламент. Ученичкиот парламент е облик на организирање на учениците на ниво на училиште, а го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките во училиштето. Конститутивната седница на Ученичкиот парламент беше одржана на 4.10.2022 година и со неа претседаваше директорот на училиштето. Изборот на претседател и заменик претседател беа направени по пат на тајно гласање со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници на заедниците на паралелките. За претседател на Ученичкиот парламент беше избранРисте Енџекчев од IX одделение, а за заменик претседател Ангела Пеева од IX одделение. Овие ученици беа избрани за претставници од учениците кои ќе ги застапуваат интересите на учениците и ќе присуствуваат на состаноците на Наставнички совет, Совет на родители и Училишниот одбор. На состаноците свое учество земаат директорот, педагогот и психологот. Во текот на учебната 2022/23 година одржани се 5 состанока на кои се дискутираше за прашања од интерес на учениците.

## 14. Ученички правобранител

Во согласност со член 68 од Законот за основно образование образование („Службен весник на Р.С Македонија“, бр. 161 од 05.08.2019 и 229/20), во ООУ “Петар Мусев“ извршен е избор на Ученички правобранител. На демократски избори со сите ученици од VII – IX одд, за правобранител беше избрана ученичката Михаела Костадинова од IX а. Следењето на

работата на Ученичкиот правобранител беше спроведена од страна на Директорот и стручната служба во училиштето.

## 15. Редовност на учениците

**Табела бр.10 Редовност на учениците**

| Редовност на учениците | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | Број на ученици | Оправдани | | Неоправдани | | Вкупно | |
| | | Вкупно | Просек | Вкупно | Просек | Вкупно | Просек |
| I | 47 | 451 | 9,60 | 0 | 0,00 | 451 | 9,60 |
| II | 55 | 665 | 12,09 | 0 | 0,00 | 665 | 12,09 |
| III | 51 | 581 | 11,39 | 0 | 0,00 | 581 | 11,39 |
| IV | 53 | 180 | 3,40 | 0 | 0,00 | 180 | 3,40 |
| V | 40 | 656 | 16,40 | 0 | 0,00 | 656 | 16,40 |
| VI | 28 | 508 | 18,14 | 27 | 0,96 | 535 | 19,11 |
| VII | 44 | 437 | 9,93 | 16 | 0,36 | 453 | 10,30 |
| VIII | 46 | 916 | 19,91 | 25 | 0,54 | 941 | 20,46 |
| IX | 49 | 1225 | 25,00 | 63 | 1,29 | 1288 | 26,29 |
| **Вкупно** | **413** | **5619** | **13,61** | **131** | **0,32** | **5750** | **13,92** |

Во учебната 2022/23 година направени се вкупно 5750 изостаноци, просек 13,92. Од нив оправдани се 5619, просек 13,61. Неоправдани изостаноци има 131 или просек 0,32. Најмногу изостаноци има во IX одделение, а најмалку во IV одделение.

Причини за неоправдани изостаноци:

Самоволно напуштил 24
Доцнина 1 час 8
Доцни меѓу часови 46
Нема оправдание 53

Вкупно 131 неоправдани изостаноци.

**Констатации:**

**Во споредба со минатата учебна година, бројот на неоправдани изостаноци е зголемен за 73, а бројот на оправдани изостаноци е намален за 1960.**

**За надминување на проблемот со неоправдано отсуство од настава, училиштето ги превзема следните мерки: советодавна работа со учениците, писмено известување до родителите и повикување на разговор во училиштето.**

## 16. Поведение и изречени педагошки мерки

**Поведение**

| Вид на поведение | Одделенија | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
| Примерно | **47** | **55** | **51** | **53** | **40** | **30** | **46** | **46** | **50** |
| Добро | | | | | | | | | |
| Незадоволително | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | **47** | **55** | **51** | **53** | **40** | **30** | **46** | **46** | **50** |

**На основа Правилникот за педагошки мерки во текот на учебната 2022/23 година изречени се 15 педагошка мерки и тоа:**

**Педагошки мерки**

| Педагошки мерки | Број на изречени педагошки мерки | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
| **Усна опомена** | **1** | | **6** | | **7** |
| **Писмена опомена** | **1** | **4** | | **1** | **6** |
| **Укор** | | **2** | | | **2** |
| **Намалено поведение (добро)** | | | | | |
| **Вкупно** | **2** | **6** | **6** | **1** | **15** |

## 17. Соработка со родители

Соработката со родителите се одвиваше преку повеќе видови форми: родителски среќавања, месечни средби, средба по интерес на родителот, по покана на родителот, телефонски контакт и слично. Во учебната 2022/23 година остварени се вкупно 2218 средби, контакти со родителите со просек 5,4.

Со воведување на задолжителна Советодавна работа со родители за учениците кои покажуваат намален успех, имаат неоправдани отсуства и ученици кои манифестираат асоцијално поведение организирана е советодавна работа од страна на психологот.

За информирање на родителите за Годишната програма за работа на училиштето, подготвен е **Информатор**. Информаторот е доставен до членовите на Советот на родители, членовите на на Училишниот одбор, наставниците и до Општина-Богданци.

## 18.Соработка со други институции

Во рамките на програмата за мерките и активностите на Општина Богданци во областа на социјалната заштита во 2022 година доделени се финансиски средства (30 000 денари) за купување облека на социјално ранлива категорија на ученици (20).

Во рамките на проектот „Здрава ужинка за секој ученик“ Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство донираше за секој ученик по 4 кг. јаболки со цел поттикнување на здрави навики на исхрана.

Училиштето е отворено за соработка и соработува со повеќе институции како Медицински Центар, Центар за социјална работа, Дом на култура, МВР, други основни, средни училишта и Детската градинка од Богданци,Црвен крст, невладини организации и други кои се заинтересирани за соработка и заедничко делување на соодветни подрачја.

Соработката на училиштето со МОН, Биро за развој на образованието и Локалната Самоуправа како и Градоначалникот на Општината е од посебно значење и се реализира континуирано и доста успешно.

## 19. Педагошка евиденција и документација

Педагошка евиденција и документација се води според Законските прописи и е во согласност со временските рокови.

Без посебни проблеми редовно се води електронската евиденција во која увид имаат и родителите на учениците.

## 20. Констатации, заклучоци и предлог мерки

На основа  на Годишниот извештај се констатира следново:

- Согласно Наставниот план и програма од I -IX одделение за учебната 2022/23 година планирани се 26007 часа, а реализирани се 25839 часа или  99,35%;
- Часовите од задолжителната настава се планирани со 20088, а реализирани се 20112 часа или 100,12% .
- Во учебната 2022/23 година реализирани се 704 часа  од додатна настава или 108,64% од планираните на годишно ниво, а дополнителна 651 час или 94,62%.
- Средниот успех на учениците од  IV-IX е 4,27 и  е повисок во однос на минатата учебна година за 0,06;
- Во учебната 2022/23 година направени се вкупно 5750 изостаноци, просек 13,92. Од нив оправдани се 5619, просек 13,61, а неоправдани изостаноци 131 или просек 0,32;
- Подобрена е состојбата со нагледни и технички средства;
- Професионалниот развој на наставниците, /екстерно и интерно/ се одвиваше според динамиката предвидена од БРО и МОН и Програмите на наставниците-обучувачи кои се обврзани да го пренесат стекнатото знаење од следење на семинарите;
- Продолжува соработката со партнерското училиште „Мехмет Дерала “ од село Градец, Општина  Врапчиште;
- Училиштето ја продолжува успешната соработка со локалната средина, општината, меѓународните организации, невладини организации преку разни проекти,хуманитарни акции и други активности;
- Условите за работа во училиштето поради прокиснување на кровот по реновирањето во 2021 година се значително влошени.

**Отворени проблеми и потреби на училиштето**

- Значително прокиснување на кровот на училиштето после реновирање во 2021;
- Замена на подовите;
- Целосно реновирање на фасадата;
- Изградба на фискултурна сала;

Содржинска и техничка изработка на текстуален и статистички Извештај:
Снежана Енџекчева - педагог
Невена Петрушева – психолог
Елисавета Карастојанова - дефектолог

ИЗВЕШТАЈОТ Е РАЗГЛЕДАН НА НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА ДЕН 07.07.2023 год.
УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ДЕН 12.07.2023год.

| | |
|---|---|
| Претседател на Училишен одбор: | Директор |
| ___________________ | ___________________ |
| Павлинка Карапуцева | Атанас Нанчев |

# Прилог 1

## Извештај за реализирани натпревари во учебната 2022/2023 година

| Датум на одржување | Организатор | Натпревар /конкурс | Учесници | Ментор | Освоена награда |
|---|---|---|---|---|---|
| 09.10.20022 | | Учество на литературен конкурс по повод Детската недела „Другарството е дел од детската среќа“ | Ученици од VIII и IX одделение | Софија Петрушева Катерина Чрчева | / |
| 30.10.2022 | | Учество на литературен конкурсраспишан од манифестацијата Детски рацинови средби | Ученици од VIII и IX одделение | Софија Петрушева Катерина Чрчева | / |
| 31.10.2022 | | Учество на литературен конкурс „Дечје царство“- Меѓународен фестивал за детска поезија | Ученици од VIII и IX одделение | Софија Петрушева Катерина Чрчева | / |
| 10.11.2022 | Богданци | Меѓуопштински натпревар во кошарка –машки | Екипа – машки | Сашко Петрушев | 1 место |
| 10.11.2022 | Богданци | Меѓуопштински натпревар во кошарка –женски | Екипа – женски | Сашко Петрушев | 1 место |
| 17.11.2022 | Богданци | Меѓуопштински натпревар во ракомет –машки | Екипа – машки | Сашко Петрушев | 1 место |
| 17.11.2022 | Богданци | Меѓуопштински натпревар во ракомет –машки | Екипа – женски | Сашко Петрушев | 1 место |
| 01.12.2022 | Велес | Зонски натпревар во ракомет – машки | Екипа – машки | Сашко Петрушев | 2 место |
| 13.12.2022 | Богданци | Зонски натпревар во кошарка | Екипа – женски | Сашко Петрушев | 2 место |
| 15.12.2022 | Велес | Зонски натпревар во кошарка | Екипа – машки | Сашко Петрушев | 2 место |
| 21.12.2022 | Гевгелија | Зонски натпревар во ракомет – женски | Екипа – женски | Сашко Петрушев | 3 место |
| 04.02.2023 | ООУ „Кирил и Методиј“ – Стојаково | Општински натпревар по Математика | Ученици од IV, VII и VIII одд. | Марија Петрушева Адријана Тодорова Соња Лазарова Силвана Маџирова | 1 награда – Коста Попристовски 2 награда – Аника Чавдаова, Ива Шапкарова и Мелита Бурмузоска 3 награда – Благоја Стојчев и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Пене Енџекчев Пофалница – Љупчо Лулеџиев и Симона Лулеџиева |
| 13.02.2023 | Богданци | Училишен натпревар по Географија | Ученици од VI одд. | Дитка Дронова | 1 место – Матеа Стратрова<br>2 место – Емилија Стамнова<br>3 место – Александра Влкова |
| 22.02.2023 | Богданци | Училишен натпревар по Англиски јазик | Ученици од V-IX одд. | Томида Окова Попова<br>Николинка Камилова<br>Оливера Прочкова Узунова | V одд.<br>1 место – Јана Дупјачанец и Бојана Дупјачанец<br>II место – Иван Чавдаров<br>III место – Ана Шутарова<br><br>VI одд.<br>1 место – Фидани Попова<br>2 место – Андреј Дуев<br>3 место – Емилија Стамнова<br><br>VII одд.<br>1 место – Снежана Ѓоргиева<br>2 место – Пене Енџекчев<br>3 место – Илија Ампов<br><br>VIII одд.<br>1 место – Симона Лулеџиева<br>2 место – Ристе Шапов<br>3 место – Ангела Стојкова и Митко Џишев<br><br>IX одд.<br>1 место – Ивана Ѓорбашлиева<br>2 место – Анастасија Попова, Јован |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Граматиков, Илија Ѓуровски<br>3 место – Данче Србова и Кристина Енџекчева |
| 24.02.2023 | Богданци | Општински натпревар по Хемија | Ученици од VIII и IX одд. | Фиданка Енџекчева | VIII одд.<br>3 награда – Сара Минова и Ружица Ѓавочанова<br>Пофалница – Антонела Спасова<br><br>IX одд.<br>1 награда – Ивана Ѓорбашлиева<br>2 награда – Ивана Јанева и Теодора Шуратова<br>3 награда – Михаела Костадинова и Ангела Пеева |
| 04.03.2023 | ООУ „Кочо Рацин“ – Дојран | Регионален натпревар по Математика | Ученици од IV-IX одд. | Марија Петрушева<br>Соња Лазарова<br>Силвана Маџирова<br>Адријана Тодорова | IV одд.<br>2 награда – Коста Попристовски и Благоја Стојчев<br>3 награда – Љупчо Љулеџиев<br><br>VII одд.<br>2 награда – Ива Шапкарова и Пене Енџекчев<br>3 награда – Аника Чавдарова |
| 04.03.2023 | Богданци | Општински натпревар по Географија | Ученици од VI-IX одд. | Дитка Дронова | 1 место – Емилија Стамнова и Ангела Стојкова |
| 10.03.2023 | Богданци | Општински натпревар по Биологија (онлајн) | Ученици од VII-IX одд. | Фиданка Енџекчева | 1 награда – Пене Енџекчев и Ива Шапкарова<br>2 награда – Михаела Костадинова<br>3 награда – Ангела Пеева |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 17.03.2023 | Богданци | Прелиминарен круг од Меѓународниот Хипо натпревар по Англиски јазик | Ученици од VI-IX одд. | Томида Окова Попова Николинка Камилова Оливера Прочкова Узунова | На следно ниво профолжуваат: Катја Гогова, Коста Поп-Ристовски, Фидани Попова, Емилија Стамнова, Ива Шапкарова, Ангела Стојкова и Ружица Ѓавочанова |
| 18.03.2023 | ООУ „Владо Кантарџиев“ – Гевгелија | Општински натпревар по Англиски јазик | Ученици од V-IX одд. | Томида Окова Попова Николинка Камилова Оливера Прочкова Узунова | 1 место – Пене Енџекчев<br>3 место – Јана Дупјачанец, Симона Лулеџиева и Ивана Ѓорбашлиева |
| 21.03.2021 | ООУ „Петар Мусев“ – Богданци | Учество на конкурс за најдобра литературна творба по повод 8 Март – Денот на жената | Ученици од V-IX одд. | Ангелина А. Каракабаков, Камелија Младеновска и Марија Петрушева | Француски јазик<br>1 награда – Александра В`лкова, Анастасија Енџекчева и Ангела Стојкова<br>2 награда – Сандра Динова и Росица Прошева<br><br>Англиски јазик – категорија IV, V и VI одд.<br>1 награда – Катја Гогова<br>2 награда – Иван Чавдаров<br>3 награда – Данче Пачиколева<br>4 награда – Александра В`лкова, Мирјана Ташева и Ивана Прошева<br><br>Англиски јазик – категорија VII, VIII и IX одд.<br>1 награда – |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Ива Шапкарова<br>2 награда – Митко Цишев<br>3 награда – Снежана Ѓоргиевска<br><br>Македонски јазик – категорија IV, V и VI одд.<br>1 награда – Тамара Цишева<br>2 награда – Ања Алиевиќ<br>3 награда – Емилија Стамнова и Лука Лукиќ<br><br>Македонски јазик – категорија VII, VIII и IX одд.<br>1 награда – Ивана Јанева, Анастасија Енџекчева и Симона Лулеџиева<br>2 награда – Михаела Костадинова, Ангела Пеева и Симона Лулеџиева<br>3 награда – Вања Милосавлевиќ и Аника Чавдарова |
| 23.03.2023 | Здружение на математичари „Армаганка“ | Меѓународниот натпревар по Математика – Кенгур 2023 | Ученици од I-IX одд. | Милица Данаилова<br>Наталија Манолева<br>Ванга Ванчева<br>Соња Лазарова<br>Силвана Маџиорва<br>Марија Петрушева<br>Адријана Тодорова | II одд.<br>2 награда – Дамјан Попов<br>3 награда – Ристе Ѓавочанов, Викторија Чочкова, Кристијан Пешков<br>Пофалени – Анастасија Туранова, Гордана Прошева и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Стефани Каровска<br><br>III одд.<br>2 награда – Иван Ампов, Ана Ташурова, Алек Паунков<br>3 награда – Ристе Трајанов и Тома Дронов<br>Пофалени: Томас Ќатов и Елена Петрова<br><br>IV одд.<br>1 награда – Катја Гогова и Коста Попристовски<br>2 награда – Ивона Данаилова, Благоја Стојчев, Мелита Ампов, Ана Иванова, Максим Ангов, Петар Ризовски и Васил Гошиќ<br>3 награда – Бојан Караколев<br><br>V одд.<br>1 награда – Антонио Пелтековски, Андреј Милосавлевиќ, Иван Чавдаров и Александар Марков<br>2 награда – Јован Чавдаров, Петар Ѓорбашлиев и Теодора Шутарова<br>3 награда – Јана Дупјачанец и Александра Каркалашева<br><br>VII одд.<br>2 награда – Пене Енџекчев, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Катерина Милчова и Анастасија Шапкарова<br>3 награда – Сандра Динова<br><br>IX одд.<br>2 награда – Ивана Јанева |
| 01.04.2023 | Општина Богданци ООУ„Петар Мусев“ - Богданци | Априлијада 2023 | Ученици од I -IX одделение | Одделенски раководители: Срефана Демерџиева Кристина Каракабакова Наталија Манолева Милица Данаилова Соња Лазарова Силвана Маџирова Камелија Младеновска Ангелина А.Каракабаков Катерина Чрчева | Наградени маски:<br>I награда Групна маска „Среќни медузи, опасни медузи“ –Iа одд.<br>II награда Групна маска „Етски ресторан Ап,ап,лап“ – IVа одд.<br>III награда- Групна маска: „Падни стани, важно излечен да бидеш“ – VIIIб одд. |
| 06.05.2023 | СОУ „Јосиф Јосифовски“ - Гевгелија | Регионален натпревар по Хемија | Ученици од VIII и IX одд. | Фиданка Енџекчева | / |
| 06.05.2023 | Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип | Финален натпревар по Математика – Кенгур 2023 г. | Ученици од II – IX одд. | Милица Данаилова Наталија Манолева Ванга Ванчева Соња Лазарова Силвана Маџиорва | II одд.<br>2 награда – Анастасија Туранова<br>3 награда – Ристе Ѓавочанов, Теа Тодорова и Викторија Чочкова<br>Пофалница – Гордана Прошева и Виолета Младеновска<br><br>III одд.<br>Пофалница – Иван Ампов и Христина Тодорова<br><br>IV одд.<br>1 награда – Коста |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Попристовски, Катја Гогова и Благој Стојчев<br>3 награда – Васил Ѓошиќ<br>Пофалница – Мелита Ампов, Максим Ангов и Петар Ризовски<br><br>V одд.<br>2 награда - Александар Марков<br>Пофалница - Андреј Милосавлевиќ и Антонио Пелтековски<br><br>VII одд.<br>1 награда - Мелита Бурмузоска<br>2 награда - Катерина Милчова и Сандра Динова |
| 06.05.2023 | „Здружение за развој, едукација и еколошка етика Полимат 13“ | Учество на настан: „Ден на астрагалусот“ | Ученици од I-IX одд. | Одделенски раководители | Наградени ученици за учество – победа на квиз: Миле Живковиќ, Драган Петрушев, Љупчо Енџекчев, Антонела Спасовска, Софија Коцева и Сара Минова |
| 18.05.2023 | Федерација за училишен спорт<br>Агенција за млади и спорт<br>Општина Богданци | „Мали олимписки игри“ | Ученици од VI-IX одд. | Сашко Петрушев<br>Томе Попов<br>Тодор Анчев | Екипа кошарка (машки) -4 место<br>Екипа кошарка (женски) - 4 место<br>Екипа ракомет (машки) - 4 место<br>Екипа ракомет (женски) - 4 место |
| 20.05.2023 | ПМФ - Скопје | Државен | Ива | Фиданка | 2 награда – |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | натпревар по Биологија | Шапкарова Пене Енџекчев Михаела Костадинова | Енџекчева | Ива Шапкарова Пофалница – Пене Енџекчев Учество – Михаела Костадинова |

# Прилог 2
# Ученички екскурзии, излети и настава во природа

## Извештај од дводневната екскурзија со учениците од VI одделение изведена на 12 и 13 април 2023 година

1. **Воспитно – образовни цели и задачи**
   - Учениците стекнаа нови знаења;
   - Се запознаа со природните убавини кои нè опкружуваат, како и градење еколошки навики;
   - Се запознаа со културно – историските знаменитости, а преку самото тоа градат чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
   - Се запознаа со стопанско – економските карактеристики на Република Македонија и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на Републиката.

2. **Содржини и активности**
   - Ден 1 – Струмица-манастрирот Св. Елеуса во Вељуса, Колешинските водопади, Беровско езеро и црквата Св. Архангел Михаил, Виница-Музеј на теракотата, Виничкото кале, фабриката за кондиторски производи Винчини, ноќевање на манастирот Св. Јоаким Осоговски
   - Ден 2 – Манастир Св. Јоаким Осоговски, Кратово – разгледување на старата архитектура на градот, Радин мост, манастирот Св. Гаврил Лесновски, Штип – посета на археолошкото наоѓалиште Баргала

3. **Присуство**
   - Учениците од VI одделение
   - Одделенски раководители

4. **Времетраење**
   - 2 дена со едно ноќевање

5. **Локации за посета и правци на движење**

   Се тргна во 7 часот од автобуската станица во Богданци. Се упативме кон Струмица и манастирот Св. Елеуса во Вељуса, продолживме кон Колешинските водопади. Потоа продолживме кон Виница и го посетивме Музејот на теракотатата, па Виничкото кале и фабриката за кондиторски производи Винчини. Ноќевавме на манастирот Св. Јоаким Осоговски.

   Вториот ден по појадокот го посетивме Манастирот Св. Јоаким Осоговски, а од таму отидовме кон Кратово, ја разгледвме старата архитектура на градот, ручек и се упативме кон манастирот Св. Гаврил Лесновски. Продолживме кон Штип и го

посетивме археолошкото наоѓалиште Баргала која беше последната месност за разгледување во нашата програма. Во попладневните часови се вративме во Богданци. Предвидената програма со местата за посета беше целосно реализирана.

6. **Техничка организација** – Туристичката агенција ТА „Путник“ од Гевгелија беше избрана за реализација на екскурзијата од страна на родителите по спроведена постапка за прибирање понуди за организирање екскурзии. Чинеше 4100 денари.
7. **Начин на финансирање** – Од страна на родителите.

**Одделенски раководители:** **Директор:**

Софија Петрушева Атанас Нанчев

Николинка Ќамилова

**Извештај за еднодневна екскурзија за учениците од VIII одделение во Велес и Скоп**

На 5.5.2023 година се реализираше еднодневна екскурзија на на која **се**стекна знаењана повеќе теми.

Учениците ги разгледаа културно-историски знаменитости и се запознаа со историјата на македонскиот јазик и литература.
Во Велес се посетија спомен-куќата на Кочо Рацин и на Јордан Хаџи –Константинов Џинот.
Потоа се посети Природно-научниот музеј во Скопје. Учениците се запознаа со живиот свет во нашата држава: набљудуваа фосили, класифицираа живи организми.
Во 13 часот се посети Саемот на книгата .Учениците ги разгледаат штандовите на сите издавачки куќи и имаат можност да набават книги за училишната библиотека.
Во 16 часот ја следеа филмската претсава„Замоци и змејови“.
Во Богданци се вратија во вечерните часови.
Целите на екскурзијата беа постигнати.

**Одговорни наставници:**

**Катерина Чрчева**

**Елеонора Трајкова**

**Извештај од изведена еднодневна наставна екскурзуја до Скопје со учениците од трето одделение – 05.05.2023 година**

1.ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ: Запознавање со културните и историските настани и споменици, стари и нови градби, цркви и манастири и други објекти – сведоци на минатото и сегашноста. Запознавање со Скопје – главниот град на РСМакедонија и воочување на неговите културно – историски и стопански карактеристики. Запознавање на природно – географскиот изглед на нашата татковина РС Македонија и преку визуелните согледувања, создавање на трајни знаења кои во континуитет се учат речиси во сите наставни предмети. Визуелните согледувања и доживувања да им бидат инспирација и за литературно творење.

2.ЗАДАЧИ: Да се развие љубов кон нашата татковина РСМакедонија. Да се негуваат и почитуваат културните традиции, културно-историските знаменитости, природните убавини и реткости. Да се стекнат позитивни социјални навики: правилно однесување во група и запознавање на редот и дисциплината во превозно средство, на улица, на пат или во објект. Градење на чувство за патриотизам,толеранција и соживот. Развивање на другарство во секој поглед. Социјализација,колективна заштита и стекнување на искуство и осамостојување и грижа за себе. Оспособување за колективно дружење. Стекнување на еколошка култура. Стекнување одговорност и почитување на авторитет со моќ.

3. Содржини и активности: Тргнувајќи од Богданци и на пат кон Скопје ќе се посети стариот град Стоби. Потоа пред Скопје се посетува Меѓународен Аеродромот Скопје.. Во градот Скопје ќе се посетат Скопско Кале,центарот на градот, споменикот на Мајка Тереза, гробот на Гоце Делчев, се разгледува плоштадот и спомениците.

НАСТАВНИЦИ: Ванга Ванчева IIIа, Лила Станчева IIIб,Ирена Попова-Ѓавото УЧЕНИЦИ: 23 + 22+5 од вкупно 23 + 22 +5 III одделение 100%

5.ВРЕМЕТРАЕЊЕ:Еден ден од четврта седмица од април(петок) . 6.ЛОКАЦИИ ЗА

ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ: Се тргна сабајле од училишниот двор во 7.30 часот . Се упативме кон Скопје (главен град на Р С Македонија). Попатно го видовме локалитетот Стоби(стара градба). Се набљудува Стоби и на прашања на учениците, наставничките одговараат и го објаснуваат настанувањето и сегашниот изглед на стариот град Стоби. Потоа се упативме во посета на Меѓународен Аеродром Скопје (воздушен сообраќај). Го посета Скопското Кале стара градба и панорамски го разгледавме Скопје. Се спуштивме кон црквата Св.Спас и се поклонивме пред гробот на Гоце Делчев.Потоа следуваше прошетка низ центарот на градот,споменикот и спомен куќа на Мајка Тереза (жена хуманитарка-светица). На учениците им се дава простор за фотографирање во стариот дел и новиот дел на Скопје. Враќање од Скопје за Богданци во попладневните часови.

7.ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА: Туристичка агенција ДОРИ од Негорци која беше избрана за изведување на екскурзијата од страна на родителите.Екскурзија чинеше 1000 денари.

8. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ: Од страна на родителите претходно информирани на родителска средба.

Членови на стручниот тим: Директор: 1.Ирена Попова Атанас Нанчев 2.Лила Станчева 3.Ванга Ванчева

# Тридневна екскурзија низ западниот дел на Р.С.Македонија и Скопје со учениците од IX одделение одржана на 8,9, 10 мај 2023 година

Изведувач на тридневната екскурзија беше туристичката агенција „Дори“ од Гевгелија. Со учениците беа нивните одделенски раководители, Фоданака Енџекчева, адријана Тодорова и Љупчо Стојков, како и водич од агенцијата и лекар. На екскурзијата беа присутни 44 ученика. Тргнувањето беше во 7 часот пред ООУ “ Петар Мусев“ - Богданци . Се упативме кон Крушево. По пат учениците разгледуваа и се запознаваат со релјефот во овој дел на нашата земја (планини, котлини, речни долини) и со ова разгледување ги проширирија своите знаења по географија при што имаа можност да поставуваат прашања кои ги интересираат. Со самото пристигнување во Крушево ги посетија спомен куќата на “Тодор Проески“, споменикот “Македониум“, споменикот “Мечкин Камен“ и црквата “Св. Никола“. Од посетата на овие споменици учениците ги проширија своите знаења по историја и културниот живот во нашата земја. Ручекот беше во Крушево. По ручекот се упативме кон Охрид. Таму се сместија и распоредија учениците по соби. Следуваше вечера и ноќевање во Охрид. Наредниот ден имаше посета низ Охрид и неговите знаменитисти каде што учениците се запознаа со архитектурата и историјата на овој град, потоа посета на Вевчани , каде што учениците ги видоа изворите и дискутираат за обновливи извори на енергија и нивната моќност, убавата природа и старата архитектура. Потоа следуваше посета на Струга со посета на Природинаучниот музеј со што ги проширија и надополнија своите знаења од биологија. По посетата на Струга учениците се вратија во хотелот во Охрид на вечера. Следниот ден по појадокот се одеше кон Бигорски манастир – “ Св. Јован Крстител“, каде што учениците се запознаа со историјата на манастирот. По патот го разгледуваа релјефот во овој дел на Република Северна Македонија, планините и долината на река Радика и можеа да направат споредба за различните релјефни карактеристики во нашата земја. Наредна дестинација беше Скопје каде учениците ручаа, а потоа го посетија Музејот на Националната борба на Македонија, Музејот на Холокаусот, преку Камениот мост ги разгледаат спомениците на плоштад Македонија . Од посетата на овие споменици учениците ги проширија своите знаења по историја и културниот живот во нашата земја. Во попладневните часови се тргна кон Богданци, а пристугнувањето беше во доцните попладневните часови. Учениците се однесуваа промерно за врем на целата ексгузија, се фотографија, се дружеа и се едуцираа.

Одделенски раководители

Фиданка Енџекчева IXа

Адријана Тодорова IXб

Љупчос Стојков IXв

# Извештај од тридневната настава во природа со учениците од V одделение изведена на 03, 04 и 05 мај 2023 година

8. **Воспитно – образовни цели и задачи**
   - Учениците стекнаа нови знаења;
   - Се запознаа со природните убавини кои нѐ опкружуваат, како и градење еколошки навики;
   - Се запознаа со културно – историските знаменитости, а преку самото тоа градат чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
   - Се запознаа со стопанско – економските карактеристики на Република Македонија и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на Републиката.
     Учениците подобро меѓусебно се запознаа, се продлабочи другарството и се надминаа социјалните и националните разлики.

     Се развиваше и негуваше индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста.

     Развијаа смисла за убавото, чување на природата и духовните богатства, формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

9. **Содржини и активности**
   - Ден 1 – Селото Врутоk и изворот на реката Вардар, Вруток, Св. Јован Бигорски. Попатно хидроцентралите “Шпилје” и “Глобочица”, како и Дебарското езеро.
   - Ден 2 – Охрид: Билјанини извори. Плаошник, Канео, црквата Св. Софија, чаршијата во Охрид.
   - Ден 3 – Струга: имавме разглед на Мостот на поезијата и чаршијата. Бевме и во посета на куќата на браќата Миладиновци и природно-научниот музеј. Потоа се упативме кон градот Битола. Таму го посетивме археолошкото наоѓалиште Хераклеа, Широк сокак и музејот на Кемал Ататурк.

10. **Присуство**
    - Учениците од V одделение
    - Одделенски раководители

11. **Времетраење**
    - 3 дена со две ноќевања

12. **Локации за посета и правци на движење**
    Се тргна во 7 и 30 часот од автобуската станица во Богданци. Се упативме кон селото Вруток и изворот на реката Вардар, Вруток. Потоа се упативме кон манастирот Св.Јован Бигорски. Попатно имавме разглед на планините и течението на реката Радика. Панорамски се видоа Дебарското езеро и хидроцентралите “Глобочица” и “Шпилје”. Ноќевавме во хотел “Бисер” Струга.

Вториот ден по појадокот го посетивме градот Охрид со неговите знаменитости: Билјанини извори. Плаошник, Канео, црквата Св. Софија, чаршијата во Охрид. Потоа се вративме во хотелот на ручек. После ручекот се одржаа часовите во просторија опремена за одржување на настава. Следеше вечера, мала забава за учениците и ноќевање. Третиот ден после доручекот се упативме кон градот Струга. Таму имавме разглед на Мостот на поезијата и чаршијата. Бевме и во посета на куќата на браќата Миладиновци и природно-научниот музеј. Потоа се упативме кон градот Битола. Таму го посетивме археолошкото наоѓалиште Хераклеа, Широк сокак и музејот на Кемал Ататурк. Во попладневните часови се вративме во Богданци. Предвидената програма со местата за посета и одржаните часови беше целосно реализирана.

13. **Техничка организација –** Туристичката агенција ТА „Путник“ од Гевгелија беше избрана за реализација на екскурзијата од страна на родителите по спроведена постапка за прибирање понуди за организирање екскурзии и настава во природа. Чинеше 6100 денари.
14. **Начин на финансирање –** Од страна на родителите.

**Одделенски раководители:** **Директор:**

Ангелина Арнаудова Каракабаков Атанас Нанчев

Камелија Младеновска

Благица Минова

# Прилог 3

## Годишен извештај за работата на Инклузивниот Тим во

## ООУ „ Петар Мусев“ Богданци во учебната 2022/23 година

ООУ„ Петар Мусев“ Богданци има Инклузивен Тим кој според Законот за основно образование е составен од директор, наставници (одделенски и предметни), стручните соработници (спец.едукатор, педагог) и родители на учениците со посебни образовни потреби. Истиот работи по Годишна програма која во себе ги содржи целите, активностите, времето на реализација и очекуваните резултати.

Во месец **август - септември**се подготви глобалното и месечно оперативното планирање на Инклузивниот тим за учебната 2022/2023 година, според насоки и протоколи од МОН, БРО и Водичот за инклузивни тимови.Инклузивниот тим ги идентификува учениците си ПОП  при што како техники и инструменти беа искористени систематска опсервација, разговор со наставниот кадар, разговор со учениците и со родителите. Систематска опсервација се изврши кај ученици кои присуствуваат на физичка настава. Интервјуата и разговорите со родителите се водени онлајн, по телефон и со документација. Со оваа цел навремено беа идентификувани и детектирани ученците кои имаат потреба од помош и поддршка во текот на учебната година.

Во месец **октомври** Учениците со ПОП беа проценувани од страна на тимот за функционалните способности, како и за индивидуалните состојби (физички, когнитивни, емоционални). Во истиот месец се започна координација за изготвување на ИОПи за учениците со ПОП, односно консултации со наставниот кадар и родителите за утврдување на потребата од поддршка.

Во месец **ноември – декември** се работеше на инструктивна и консултативна поддршка на наставниците каде се вклучени учениците со ПОП, со развивање на методи и техники на работа кои одговараат на способностите и капацитетите на овие ученици. Се градеа интензивно стратегии за учење на учениците со ПОП. Воедно се работеше на поинтензивно вклучување на учениците во наставата во групи и парови како форми на настава.

Во месец **јануари** се изготви полугодишниот извештај за работата на Училишниот Инклузивен Тим. Во истиот месец се направи ревизија и евалуација на долгорочните цели во ИОПите на учениците со ПОП. Кај наставниците кои немаа изработено среднорочни планирања за второ полугодие, се пристапи кон изработка и адаптирање на темите и активностите.

Во месец **февруари – март**училиштето се подготвуваше и учествуваше во низа работилници за денот на лицата со Даунов Синдром. Учениците од прво до деветто одделение проследија работилници за подигање на свеста за лицата со Даунов Синдром.

Во месец **април**се одржаа работилници за Аутизам, како состојба. Сите предизвици и пречки и начини на поддршка на лицата со аутизам. Воедно училиштето поднесе апликација за добивање обновување на Сензорната соба и други асистивни технологии и адаптации во училиштето.

Во месец **Мај - Јуни** Дел од Инклузивниот тим учествува во уписот на првачињата во мај, со солидни иснструменти за следење на однесувањето и развојот на децата.

. Во месец јуни се направи и евалуација на постигањата на учениците по ИОП, како и оценување на истите пригодно по ИОП.

**Тековно** низ првото полугодие се поддржуваа учениците со ПОП во учењето, во справување со негативни и стресни ситуации, во адаптација на ново настанатата ситуација, можностите за учење под протокол за пандемија и сл.. Се изработуваа инструменти за проценаи се организираа посети на час кога беше планирано.

Се приспособуваа наставните содржини за учениците со ПОП, како и адаптацијата на тестовите, наставните ливчиња и писмените работи. Тековно постоеше следење на напредокот на учениците и нивното однесување.

За наставниците беше овозможена постојана поддршка при планирањето на наставата и реализацијата на истата, како и создавање на стимулативна средина за учење. Понудени се концептуални документи кои им се од значење во изведување на наставата по инклузивна клима.

ИТ соработуваше со родителите на учениците со ПОП, давајќи им насоки за подобро прифаќање на ситуациите, споделување на информации важни за состојбата на ученикот,

како и за нивните права, бенефиции и обврски. Се реализираа индивидуални консултации со семејствата на учениците со ПОП.

Соработката со локалната заедница продолжува со промовирање и информирање на истата за работата на училиштето, воедно соработката со стручните институции и организации продолжи со активности за соработка со стручни лица од регионот, граѓански здруженија и невладини организации.

Инклузивниот тим продолжува со градење и одржување на инклузивната клима во училиштето за подобро прифаќање на учениците со ПОП, учество во социјалните и хуманитарните активности на училиштето и локалната средина.

Координатор на ИТ

Специјален едукатор

Елисавета Карастојанова